РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-1072/6
01-04-2019

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на седмата седница одржана на ден 27 март 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-1072/1 од 06.03.2019 година, бидејќи не е утврдено влијание при постапка за вработување на блиско лице, од страна на именувано лице, во конкретниот предмет Министерот за локална самоуправа Сухејљ Фазлиу.

Предметот со број 09-1072/1 од 06.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1072/1 од 06.03.2019 година е оформен врз основа на добиени сознанија од медиумите во Република Северна Македонија, а се однесува на постапка¸утврдување постоење судир на интереси за лицето Абдул Кадел, унапреден во директор за безбедност на железничкиот систем при Министерство за транспорт и врски, внук на Министер за локална самоуправа Сухејљ Фазлиу.

По добиени сознанија, од медиумите во Република Северна Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи, согласно член 76 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по службена должност, да иницира и да поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Абдул Кадел.

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до Министерство за транспорт и врски, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите за постоење на состојба на судир на интереси.

Побараните податоци од наведената институција беа уредно доставени, согласно законскиот рок.

На седницата одржана на ден 27 март 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи , Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека не се потврдуваат наводите изнесени во медиумите, бидејќи согласно известувањето добиено од Министерство за транспорт и врски, не постои лице Абдул Кадел во евиденцијата на вработени во истото Министерство.


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Согласно погоре наведеното не е утврдено влијание при постапка за вработување на блиско лице, од страна на именувано лице, во конкретниот предмет Министерот за локална самоуправа Сухејљ Фазлиу.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**